УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

| Примено | 10.07.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 947/2 - 2 | | |


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Одбор за акред.
1409-175/3
07.07.2017

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5 седница одржана на 28.06.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „РАДИОЛОШКИ ТЕХНОЛОГ" прв циклус студии на ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА, БИТОЛА - УНИВЕРЗИТЕТ " СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" БИТОЛА**

1. Се акредитира студиска програма „Радиолошки технолог" прв циклус **студии на Висока Медицинска Школа, Битола при Универзитет „Св. Климент Охридски" во Битола** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 19/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 3 години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран радиолошки технолог.** Научно - истражувачко подрачје: Медицински науки и здравство (3); Научно - истражувачко поле: Фундаментални медицински науки (301); Клиничка медицина (302), Хирургија (општа) (303), Здравствена нега (сестринство) (305), Медицинска технологија (307), Јавно здравство и здравствена заштита (308), Психијатрија (309);

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

# Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Висока Медицинска Школа, Битола, прв циклус студиска програма „Радиолошки технолог" до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира трichlena стручна комисија од областа на медицинските науки (согласно член 3 и член 30 од Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование) за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 5. седница одржана на 28.06.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Горазд Росоклија